Врз основа на член 22, став (1), точка (13) и член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 14, став (1), точка (41) од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Опшптина Крива Паланка бр. 08/10, 12/10, 09/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23 и 05/23), а согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020) и Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.09/19) Советот на Општина Крива Паланка на ден -----2023 година донесе

**ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА**

**ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2024 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Програмата за млади на општина Крива Паланка е направена според потребите на младите, а истите произлегуваат од Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка бр.09-3053/21 од 27.09.2019 донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка. Областите кои се претставени како приоритети за решавање се добиени преку дистрибуција на прашалници и анализа на постоечки истражувања и документи кои се однесуваат на национално и општинско ниво, а се донесува во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики.

Со оваа програма се очекува регулирање на односите помеѓу младите и сите други чинители во општеството со посебен акцент на локалната самоуправа и на Советот на општината како носители на политиките на локално ниво како и локалната заедница и бизнис секторот кои треба да ја препознаат и унапредат положбата на младите мажи и жени, момчиња и девојчиња на локално ниво и во согласност со своите можности да одговорат на истите.

Изразите употребени во оваа програма кои се родово определени се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол. Одредени изрази употребени во оваа програма го имаат следното значење:

- **млади** се лица на возраст од 15 до 29 години,
- **младинска политика** е збир на мерки и активности кои се превземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал,
- **младинско учество** претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите,
- **младинска работа** претставува организиран и системски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупн личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на зедницата,
- **младински работници** се квалификувани лица кои поседуваат компетенции за работа со млади луѓе спроведувајќи активности со кои се поддржува нивниот личен и социјален развој

преку неформално учење.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма има за цел да обезбеди

- креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите, вклучително и различните интереси кои произлегуваат од родовата припадност;
- учество на младите во процесите на креирање на политики за млади, нивно информирање, промоција и заштита на нивните интереси како и поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинска работа;
- поттикнување на личен, професионален и социјален развој на младите како и давање поддршка и помош на локалните млади

Според Законот за младинско учество и младински политики Општина Крива Паланка од сопственот буџет ќе издвои минимум средства од 0,1% на годишно ниво.

Вкупната висина на средствата предвидени за оваа ставка ќе изнесува **1.740.000.оо** денари од вкупниот буџет на Општина Крива Паланка и истите ќе бидат наменети за спореведување на активностите во согласност со Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка и Законот за младинско учество и политики.

***Градење на капацитети***

Општина Крива Паланка преку Локалниот младински совет како репрезентативно тело на младите на локално ниво како и на сите организации за млади или организации кои се занимаваат со решавање на младински прашања ќе бидат подржани од страна на Општина Крива Паланка. Во оваа насока ќе овозможиме јакнење на капацитетите преку обуки, поддршка на младински иницијативи и идеи, кампови како и други активности, преку кои младите ќе се стекнуваат со нови знаења и искуства како и афирмација на локално, национално или меѓународно ниво.

За реализацијата на овој приоритет од програмата неопходно е обезбедување на средства за уредување, опремување и отварање на

- ***младински центар,*** кој ќе биде во согласност со Законот за младинско учество и политики и истиот ќе служи како место каде ќе се организираат дебати, работилници и други активности за личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите на локално ниво. Финанските средства ќе бидат обезбедени од странски или домашни донатори.

- ***организирање на настани од интерес на младите,*** оваа активност ќе биде новитет во Програмата на млади за 2024 година, со основна интенција директно вклучување на младите и младински активисти од градот во организација на настан со креативен пристап на локалните млади.

***Информирање, заштита, поддршка и помош на локалните млади и млади таленти***

Еден од приоритетните проблеми детектирани во стратегијата за млади е младинската

(не)информираност. За таа цел потребно е изнаоѓање на функционални методи за комуникација и методи на информирање на младите. Активностите кои се планираат како и настаните и новините треба да се достапни за младите. Општината на својата web страна и на социјалните медиуми ќе ги информира младите и ќе ги ажурира информациите и активностите поврзани со млади.

Општина Крива Паланка ќе продолжи континиурано да ги помага и поддржува локалните млади кои рекреативно се занимаваат со спорт со давање на термини за безплатно користиње на услугите на спортските објекти - спортската сала Бранители и тенискиот терен по претходно поднесено барање потполнето на web страна на Општината.

Според правилниците со кои се уредени условите начинот и постапката за користење на финансиските средства за 2024 Општина Крива Паланка ќе додели:

- финансиска помош за купени дигитални уреди за студенти и студентки,
- финансиска помош за купени дигитални уреди за млади невработени лица до 29 години од двата пола подеднакво, а се жители на општина Крива Паланка,
- финансиска помош за купување на велосипеди за девојчиња и момчиња,
- субвенционирање за полагање на возачки испит Б категорија за млади од двата пола подеднакво

Висината на средствата за 2024 со Одлука на Совет на Општина Крива Паланка ќе бидат дополнително утвредни и објавени.

Општина Крива Паланка е дел од проектите за млади „*Младински активизам за позелени општини*'' поддржан од Европската Унија и ReLOaD2 преку програмата на УНДП, со кои се очекува зајакнување на капацитетите граѓанското општество и младите.

Единицата на локалната самоуправа игра клучна улога во спроведување на голем дел од барањата регулирани со националното законодавство и стратешките документи. Во 2024 година Општина Крива Паланка

- ќе отпочне со подготовка за изработка на нова Стратегија за млади која ќе обезбеди идентификација на проблемите и предизвиците на младите како и утврдување на активности поврзани со млади,
- ќе отпочне со постапка за формирање на нов ЛМС согласно Закон за младинско учество и младински политики

## III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Активностите предвидени со оваа програма ќе се финансираат од различни ставки во Буџетот на општината и ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка и во рамки на тековните годишни програми на општината.

По потреба оваа програма ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата и Законот за младинско учество и младински политики.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка активностите на младите ќе ги помага со:

- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- покровителство;
- организирање на дебати, кампањи, форуми, трибини и сл. на теми што се од интерес на младите.

За реализација на Програмата ќе бидат ставени на располагање сите човечки и технички ресурси со кои располага Општината. Во исто време активно ќе работи на унапредување на соработката на сите младински организации и младински тела на локално ниво како и обезбедување на позначаен институционален фокус и финансиска поддршка за млади и од националните власти.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува на сила осмиот ден од денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе биде применета од 01.01.2024

**Бр. // // ////** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**//.//.2023** **Претседател**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска**

# АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за млади за 2024 година на Општина Крива Паланка**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ: - креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | **- поттикнување на младински активизам и активна партиципација на младите во процесот на носење на одлуки** | - имплементација на процес на изработка на нова Стратегија за млади за периодот 2024-2028 | јануари-декември | - усвоена Стратегија за млади за 2024-2028 | Општина Крива Паланка, ЛМС | 600.000 мкд |
| | | - обезбедување на услови за присуство на претставник на ЛМС на седници на Совет на Општина Крива Паланка<br><br>- поттикнување на младите за инетерес и учество во работилници од интерес на локалните млади и локалната заедница<br><br>- поттикнување на интерес и мобилизирање на млади за учество во буџетски форуми<br><br>- поттикнување и поддршка | | - број на седници на Совет на општина на кое присуствувале членови на ЛМС<br><br>- подигање на свеста кај младите за нивната улога при носењето на одлуките на локално ниво, процент(%) од младите ја знаат улогата на ЛМС<br><br>- учество на процент (%) на млади во буџетски форуми подеднакво момчиња и девојчиња | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на младински иницијативи<br><br>- спроведување на постапка за формирање на нов ЛМС | | - усогласени активности со Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка<br><br>- усогласени активности со Националната стратегија за млади<br><br>- учество на младите при носење на одлуки<br><br>- број на поднесени иницијативи од страна на млади во врска со процесот на криерање на локланите политики<br><br>- формиран ЛМС | | |
| | | | | | | |
| | **2** | **ЦЕЛ: - учество на младите во процесите на креирање на политики за млади, нивно информирање, промоција, заштита на нивните интереси како и поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинска работа** | | | | |
| | **Задача /Проект -** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - аплицирање на проект за формирање и уредување на простор за младински центар<br><br>- опремување на младински центар | во текот на годината | - добиени средства за обезбедување на безбеден простор за 50% девојчиња и 50% момчиња за личен, професионален и социјален развој на млади од двата пола<br><br>- опремен и функционален простор за органзирање на младински активности, дебати од интерес на локалните млади, земајќи ги во предвид основните потреби на момчињата и девојчињата во просторот (пр. соодветни тоалети, средства за хигиена, пристап до вода, пристап за млади лица со попреченост и сл.) | Општина Крива Паланка / релевантни национални институции, граѓански здруженија и асоцијации | донатроски средства |
| | **Градење на капацитети и младинско информирање** | - организирање на настани од интерес и активно учество на младите | | -организиран 9ти Мај- Ден на Европа<br><br>- одбележан Ден на млади | Општина Крива Паланка | 30.000ден.<br><br>10.000ден. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | - обуки, поддршка на младински иницијативи и идеи, кампови<br>- означено поле на web страната на општина за активности поврзани со млади<br>- активностите на Локалниот младински совет | | - број на издадени соопштенија и објави поврзни со млади<br>- транспарентност на Општина со објавување на сите активностите кои ги спроведуваат локалните момчиња и девојчиња<br>- објавен број на објави квартално за активности поврзни со млади<br>- целосно ажурирани податоци во врска со млади<br>-подобрена едукацијата на младите и институциите за младинска мобилност<br>- реализирани над 50% од | Општина Крива Паланка, ЛМС | 100.000мкд |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | активности предвидени во програмата на ЛМС<br><br>- број на девојчиња и момчиња кои ќе присуствуваат на обуки и кампови за млади | | |
| | 3 | **ЦЕЛ: - поттикнување на личен, професионален и социјален развој на младите како и давање поддршка и помош на локалните млади** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | **Воведување на стимулатив ни мерки за младите** | - финансиска помош за купени дигитални уреди за студенти и студентки | во текот на годината | - број на субвенционирани дигитални уреди за студенти и студентки | Општина Крива Паланка, локални институции | 300.000мкд |
| | | - финасиска помош при купување на дигитални уреди за млади невработени лица до 29 години од двата пола | | - број/износ на доделена финасиска помош за купени дигитални уреди за млади невработени лица разделени по пол | | 5x 10.000мкд |
| | | - финасиска помош при купување на велосипеди за девојчиња и момчиња | | - број на субвенционирани млади невработени за купен дигитални уреди | | 150.000мкд |
| | | - финансиска помош за полагање на возачки испит Б категорија за млади од двата пола подеднакво | | - број на субвенционирани млади за положен возачки испит | | 500.000мкд |
| | | - користење без надоместок на услугите на спортските објекти | | - број на искористени бесплатни термини во | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | подеднакво и за момчињата и девојчињата | | спортските објекти за 2024 | | / |
| | | | | - обезбедени услови за доделување на финансиска помош за сите групи на млади | | |